# Изјава

Деновиве во јавноста се појави една неблагодарна петиција организирана од страна на таканаречена „Загрижена Македонска православна зедница во Австралија„ преку која директно се клеветат и обвинуваат: Надлежниот архиереј на Македонската Православна Црква – Епархија за Австралија и Нов Зеланд, Високопреосветениот митрополит г. Петар, Епархиските тела и органи, како и угледот на свештениците.

Најодговорно тврдам дека петицијата е штетна, злонамерна и во ниеден случај не треба да се прифати.

Искрено жалам, што поради моја небрижност и невнимателност, некои од верниците и моите духовни чеда од манастирот Свети Прохор Пчински во Донибрук, без мој благослов станале подржувачи на истата. Имајќи ја и носејќи ја духовно - моралната одговорност, согласно моите должности што произлегуваат од Канонините и прописите на Православната Црква и Уставот на МПЦ, на сите мои духовни чеда кои што ја подржале, или, пак имале било каква врска со организирањето на истата, им наложувам најблага Епитимија, и тоа: Одлачување од Света Тајна Причест во траење од шест месеци, под услов во најкраток временски рок да се покајат и јавно да се извинат дека погрешиле, а доколку биле заваедени да ги откријат организаторите.

Најодговорно тврдам, дека ги поддржувам и се потчинувам на сите одлуки на надлежниот Архиереј, Неговото Високо Преосвештенство г. Петар, и на Епархиските тела и органи. Јавно се оградувам од оваа петиција, ја негирам и осудувам, и испраќам апел до сите православни христијани, да го сторат истото.

Игумен Гаврил (Галев)

03.11.2015

Манастир Свети Наум Охридски - Роклин